08-83/2019

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Генерали Осигурање д.д. (Generali Osiguranje d.d.)., со адреса на Улица Града Вуковара 284, Загреб, Република Хрватска, доставено преку Адвокатско друштво Дебарлиев Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Генерали Осигурање д.д. (Generali Osiguranje d.d.)., со адреса на Улица Града Вуковара 284, Загреб, Република Хрватска ќе се стекне со бизнисот на неживотно осигурување, XXX[1] на Извор Осигурање д.д. (Izvor Osiguranje d.d.), со адреса на Трпињска 9, Загреб, Република Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 06.11.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Генерали Осигурање д.д. (Generali Osiguranje d.d.)., со адреса на Улица Града Вуковара 284, Загреб, Република Хрватска, со која Генерали Осигурање д.д. ќе се стекне со бизнисот на неживотно осигурување, XXX на

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

Извор Осигурање д.д. (Izvor Osiguranje d.d.), со адреса на Трпињска 9, Загреб, Република Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Генерали д.д.** е хрватско друштво за животно и неживотно осигурување, кое е дел од и во целосна сопственост на зависни друштва на Групацијата Генерали. Генерали Групацијата е група на компании кои се активни во обезбедувањето на животно и неживотно осигурување и финансиски услуги. Генерали Групацијата е присутна во повеќеод 60 земји ширум светот, со повеќе од 400 зависни друштва. На врвот на Генерали Групацијата е Асигурациони Генерали – Социета пер Ациони (Assicurazioni Generali – Societa per Azioni )со регистрирана адреса на плоштадот Дука Дељи Абруци (Ducadegli Abruzzi)бр. 2, Трст, Италија.

Во Република Северна Македонија, Генерали Групацијата има регистрирано корпоративно присуство преку своето зависно друштво ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирана адреса на бул. Партизански одреди 14а/1-2, Скопје, активно во секторот за управување со инвестициски фондови.

**Извор Осигурување д.д.** е хрватско друштво за неживотно осигурување. Извор Осигурување д.д. нема приход генериран од македонските корисници и нема регитрирано корпоративно присуство во Република СевернаМакедонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**